Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-501/3
________ година

25-07-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-501/1 од 09.07.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација во областа на работата и работните однсои, од страна на Државната изборна комисија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-501/1 од 09.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 09.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) по електронски пат беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, заведена под број 08-501/1, против Државната изборна комисија, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи..

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: *податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.*

Имено, во поднесената форма на електронската пошта на Комисијата, не е наведен основ на дискриминација и недостасува делот – Образложение на претставката, во кој треба да бидат наведени факти и околности со кои подносителката ќе стори веројатно дека е извршена дискриминација. Поради ова на 11.07.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по електронски пат испрати до подносителката на претставката Барање за доуредување број 08-501/2 со кое побара подносителката да ги наведе фактите и околностите за пријавениот случај на дискриминација, како и основот на дискриминација согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Со оглед да подносителката не ја доуреди претставката како што беше побарано од неа во законски определениот рок, а со цел соодветно постапување по истата, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
25.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

<u>Доставено до:</u>

- [redacted]
- Архива на КСЗД